РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 23.12.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 5538/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе;
3. **Период опфатен со надзорот:** 3 декември 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 декември 2025 година;
5. **Предмет на надзорот**:
    - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудио комерцијални комуникации);
    - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
    - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
    - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
    - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
    - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
    - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз радиопрограмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, емитуван на локално ниво на 3 декември 2025 година, **констатирани се прекршувања на член 53 став 4 алинеја 3 и на член 53 став 5, а во врска со член 53 ставови 6 и 19 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ)** бидејќи, во неколку наврати, емитуваше аудиокомерцијална комуникација во која лажно се претставуваа природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнуваше однесување кое е штетно за здравјето.

ЗААВМУ, во член 53 став 19 пропишува дека одредбите од тој член „на соодветен начин се применуваат и на аудиокомерцијалните комуникации“, додека во став 6 од истиот член пропишува оти „за веродостојноста и точноста на тврдењата и податоците во аудиовизуелните комерцијални комуникации е одговорен нивниот нарачател, а за нивната усогласеност со закон одговорниот уредник во давателот на аудиовизуелната медиумска услуга“.

Понатаму, во член 53 став 4 алинеја 3 е пропишано дека комерцијалните комуникации не смеат „да поттикнуваат однесување кое е штетно за здравјето или безбедноста“, а во став 5 дека: „Забранети се аудиовизуелни комерцијални комуникации со кои лажно ќе се претставува природата, карактеристиките, квалитетот или географското потекло на производите, услугите или комерцијалните дејности“.

Радио Модеа, во четири рекламни блока емитуваше аудиокомерцијална комуникација/рекламен оглас со следнава содржина:

- *“Лекувам бактерии, цисти, ноќно мокрење, камен во бубрег, анксиозност, трауми, шилци, спондилоза, канцер, бронхит, дијабетис, недоразбирање во брак и депресии. Лекуваме на далечина, на Вибер - информации на телефон 077 900 325“.*

**03.12.2025 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Огласи и соопштенија | 04:50:03 | 04:50:22 | Комерцијална комуникација во која лажно се претставуваат природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнува однесување кое е штетно за здравјето |
| Огласи и соопштенија | 07:22:17 | 07:22:36 | |
| Огласи и соопштенија | 11:23:14 | 11:23:33 | |
| Огласи и соопштенија | 15:34:40 | 15:34:59 | |

**8. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 53 став 4 алинеја 3 и на член 53 став 5, а во врска со член 53 ставови 6 и 19 од ЗААВМУ, на радиопрограмскиот сервис на ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, на 3 декември 2025 година, во четири рекламни блока беше емитувана аудиокомерцијална комуникација во која лажно се претставуваа природата и карактеристиките на рекламираната услуга и притоа се поттикнуваше однесување кое е штетно за здравјето.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе, и согласно точката 12 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4241/1 од 01.10.2025

година, да му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*